# АЛКОХОЛИЗМОТ КАКО СОЦИОПАТОЛОШКА ПОЈАВА

**Автор: Асистент м-р Марјан Габеров**
**(Европски универзитет Р.М. – Факултет за правни науки)**
**Октомври, 2014 г**

## Вовед

Алкохолизам или алкохолна зависност, хронична болест позната по потребата од алкохол. Луѓето кои страдаат од ова заболување се познати како алкохоличари. Тие не можат да го контролираат своето пиење дури ниту кога станува директна причина за сериозна штета, вклучувајќи медицински заболувања, брачни проблеми, загуба на работата или сообраќајни незгоди. Медицинската наука сè уште ја нема откриено точната причина за алкохолизмот, но истражувањето покажува дека генетички, психолошки и социјални фактори помагаат во неговото развивање.

Една група на американски научници сметаат дека успеале да го идентификуваат генот кој е виновен за тоа една личност да стане алкохоличар. Нивната теза се состои во следново тврдење. Професорот Рејмонд Вајт од школата во Сан Диего кој го водеше истражувањето објавено во списанието Proceedings of the National Academy of Scineces (PNAS) - "Веќе долго знаеме дека привлеченоста кон алкохолот е наследна, а јас лично мислам дека генетските особености се одговорни 40-60 % за алкохолизмот". Научниците во истражувањата вклучиле повеќе од 360 парови, калифорниски близнаци и го следеа реагирањето на нивниот организам на алкохолот.

CC BY NC ND

Откриле низа на гени поврзани со алкохолизмот, а на крај и дека таа склоност е поврзана и со мутацијата на хромозомот 15.[1]

Светската Здравствена Организација (СЗО) забележува дека друго однесување кое е познато кај луѓе со алкохолна зависност е барањето можности за да пијат алкохолни пијалоци – многу почесто од другите активности и брзо враќање на старите навики за пиење по периоди на апстинирање.[2] Алкохолната зависност е распространета ширум најразлични општества низ светот. Статистиките покажуваат дека алкохолната зависност допрела и до успешни бизнис директори, талентирани механичари, работници, архитекти и членови на цркви од сите религии. Научниците сѐ уште не дефинирале типичен карактер на еден алкохоличар и тие не можат да предвидат со потполна сигурност кои поединци прогресивно ќе развијат алкохолна зависност. Употребата на алкохол варира зависно од социјалното, културното или религиозното потекло на индивидуата. Некои индувидуи не пијат воопшто – околу една третина од возрасното население во САД, на пример, кое е над 18 години, апстинираат од алкохол. Други пијат како дел од социјалниот обичај. Сеуште, некои пијат често и во прекумерни количини. Тие кои страдаат од алкохолна заисност пијат за да ја задоволат неконтролираната потреба за алкохол за да ги одбегнат непријатните физички симптоми на враќање.

[1] Proceedings of the National Academy of Scineces
[2] http://www.who.int/en/

## Навики на алкохоличарите во Република Македонија

Алкохолот е дел од начинот на живеење во Македонија и не е причина за влошувањето на здраствената состојаба ако се употребува разумно. Но затоа прекумерното консумирање на алкохол е една од најголемите причини за телесни заболувања, социјални и душевни проблеми. Употребата на алкохол во Македонија е дел од секојдневниот социјален живот и е стимулиран од рекламите и од влијанието на средината во која живееме. Многумина пијат за да го променат својот живот и тоа како се чувствуваат. За други пак, кои по историјата на фамилијата имаат силна традиција на зависност од алкохол можеби генетските фактори влијаат на нивниот начин на пиење. Кога прекумерната употреба на алкохол станала навика, тогаш тоа поведение си развива посебен моментум за себе.[3]

Како најчести причини поради кои некое лице посегнува по алкохолот се следните: Психолошко-генетички причини. Истражувањата покажуваат дека алкохолизмот се пренесува во семејствата – алкохоличарите имат 6 пати поголеми шанси од неалкохоличарите да имаат роднина во семејството кој е зависник од алкохол. Истражувачите долго време не знаеле дали овие проблеми се резултат на фамилијарно генетско наследство, или пак резултат на општата средина во семејството, која често вклучува родители-алкохоличари. Испитувањата врз близнаци се обидуваат да откријат дали алкохолната зависност се развива како резултат на генетички фактори, заеднички влијанија на средината, или пак комбинација на двете. Лабараториските истражувања ја споредуваат генетската структура кај луѓе кои се зависници од алкохол со оние кои немаат историја на лични или семејни проблеми со алкохол. Причини од средината. Научниците тврдат

[3] Арнаудовски, Љ. , "Предавања по социјална патологија", Скопје: НИО Студентски збор, 1983 година

дека проблемите поврзани со алкохолот се резултат на комплексна интеракција меѓу биолошките влијанија и факторите на средината. Факторите на средината кои можат да влијаат на развивањето на болеста се личното однесување, пријателските влијанија во раниот живот, однесувањето на родителите, социјални и културни мислења кон алкохолот, животен стрес и расположливоста со алкохолни пијалоци. Еднаш кога личноста ќе развие рутина за пиење, факторите на средината заедно со физичките промени здобиени како резултат на тешкото пиење можат да ја засилат постојаната употреба на алкохол. Психолошки причини. Многу експерти тврдат дека губењето на контрола за пиењето е психолошки поврзано. Студиите покажуваат дека зависници од алкохол ќе пијат прекумерни количини на безалкохолни пијалоци доколку веруваат дека во нив има алкохол. Исто така, доколку им се даде алкохолен пијалок за кој веруваат дека е безалкохолен, нивното однесување во пиењето е слично со она на лица кои не се зависни на алкохол. Овие причини делуваат во една целина и не би моле да ги разгледуваме поединечно, всушност тие најсилното дејство го остваруваат токму тогаш кога делуваат во едно единство.

## Ефекти од употербата на алкохолот

Во продолжение ќе ги опишеме и претставиме ефектите кои настануваат од употребата на алкохолот. Овие ефекти се однесуваат и на алхоколичарите во Република Македонија и на алкохоличарите во останатите држави, со едне збор можеме да кажеме дека тие се универзални и дека не постојат некои поголеми разлики во државите. Така постојат следниве два ефекти од

употербата на алкохолот и тоа: краткорочниот ефект или опивање и долгорочниот ефект или зависност од алкохол.

- Краткорочен ефект

Моменталните ефекти од алкохолот се во зависност од количината внесена во крвта и од тоа колкаво искуство има личноста со пиењето. Повеќе алкохол во крвта дава поголемо чувство на опуштеност кај лицата што пијат и тие стануваат позборливи. Тие стануваат се помалку свесни за своите постапки и чувството за проценување се намалува. Губење на координација и дремка исто така се честа појава. Ризикот за случување несреќен настан е зголемен, специално за оние кои работат со разни машини или возат моторни возила. Ризикот за собраќајна несрека е дупло поголем кај лице со 0,05 алкохол во крвта него кај лице со нула промили алкохол.[4]

- Долгорочни ефекти

Овие долгорочни ефекти можат да се однесуваат на следниве ситуации: толеранција кон алкохолот што претставува способност прогресивно да се пијат се поголеми количества на алкохол без видливо опијанување, повлеченост која се манифестира како вознемиреност, немир, збунетост, тресење, потење итн., кои обично се појавуваат при нагло запирање на косумирање алкохол, несоодветна желба за повеќе алкохол т.е. посакување и продолжување со пиење и покрај непожелните последици, медицински заболувања на црниот дроб (џигерот) или запаление и таложење маснотии на црниот дроб, ова може да доведе до откажување на црниот дроб и цироза, болки на стомакот и цревата, овие болки може да се однесуваат на сварувањето на храната што се должи на воспаление на хранопроводникот

[4] http://www.mojezdravlje.net/Bolesti/210/dusevne-bolesti-i-stanja-bolesti-ovisnosti/Alkoholizam.aspx

(reflux) или желудникот (gastritis), дијареа, воспаление на панкреасот кое доведува до болки во стомачниот предел и неспособност да се апсорбира храната, рак на црниот дроб, хранопроводникот или цревата, оштетување на мозокот или губење на памтењето и тешкотии при учењето (dementia) бедна координација и слабо чувство за баланс, други невролошки заболувања како што е оштетување на нервите, кое доведува до трнење на нозете и тешкотии при одењето, заболување на срцето и крвните садови, нерегуларно функционирање на срцето (доведува до тешкотии при земањето здив и отекување на зглобовите, ненормално отчукување на срцето (Palpitations), висок крвен притисок, сексуални и репродуктивни нарушувања кои може да бидат оштетувања на репродуктивните органи кое може да доведе до неплодност, повреди на нероденото бебе за време на бременоста, нарушување на коските и зглобовите т.е. костоболка (отекување на зглобовите пропратено со големи болки типилно за големиот прст на ногата, остеопороза - ослабување на коските кое може да доведе до нивни фрактури (кршење на коските), несреќи како што се повреди на главата, крварења околу мозокот, кршење на коски (најчесто ребрата) собраќајни несреќи, несреќи на работа и дома, исхрана т.е. неправилната исхрана и дебелеењето, психолошки нарушувања или несоница, тешкотии при заспивање немир и возбудување, депресија и немоќ да се излезе на крај со неа, збунетост и напади на паника, така наречени “црни дупки” во памтењето, самоубиство, домашни проблеми од типот на губење на пријателите, тешкотии во бракот или други значајни релации, разделување и развод на бракот, запоставување на децата, професионални проблеми како што се доцнење или неодење на работа, ненапредување или неунапредување на работното место, финансиски проблеми или губење на регуларните приходи од работното место, тешкотии поради парите потрошени на алкохол, долгови од коцкање, проблеми со

законот како осудување поради возење во пијана состојба, загуба на возачката дозвола, имотен криминал, навреди, убиства.

**Ефектот на “созависност”**

Овој ефект ја претставува ситуацијата да се живее заедно со некој зависник од алкохол. По што се познава еден созависник? Како е да се живее заедно или во брак со еден зависник, зависник-алкохоличар.[5]

Ако вашата релација со некој од вашите најблиски, родители, деца, маж или жена почнува да страда или трпи како последица на начинот на кој таа личност пие можете да бидете сигурни дека и двајцата имате заеднички проблем поврзан со алкохолот. Можеби и не живеете со некој тежок хроничен алкохоличар, но проблемите кои се појавуваат како резултат на неговото/незиното пиење ве имаат вовлечено и вас во еден деструктивен процес и би требале да ги отворите очите и на некој начин да ги промените нештата.

**Лекување на алкохоличари во Република Македонија**

Злоупотребата на алкохол е екстремно сложен процес и најчесто се потребни различни видови на лекувања. Секоја промена на било која навика, однесување или начин на живеење е тешка и напорна работа независно од тоа дали се работи за промена на диетата (начинот на исхрана), прекинување на пушењето, започнување со строг режим на вежбање или промената на

[5] Rahul Nag, The effects of alcohol, 2008 година

BY NC ND

начинот на употреба на алкохол и најчесто се потребни повеќе обиди за да се успее.[6]

Од големо значње за спроведување на ова лекување во нашата држава се клубовите кои се формирани за лекување на овие лица, алкохоличарите, оние кои што имаат проблем со алкохолот. Историски овие клубови во Македонија се појавуваат во ноември 1970 – кога е основан првиот клуб или како што се нарекувал, Клуб на лекувани алкохоличари во градот Скопје, потоа во февруари 1975 – формирано е Здружението на Клубови на лекувани алкохоличари на Република Македонија. Мрежата на Клубови на лекувани алкохоличари се шири, освен во Скопје каде работат неколку Клубови, активни се и Клубовите во Прилеп, Битола и Неготино, со интерес за отворање Клуб во Крива Паланка и реактивирање на клубот во Гостивар. Ефекти, задачи, цели и активности кои ги постигниваат овие клубови се следните: голем број лекувани алкохоличари постигнале стабилна и долготрајна апстиненција, во нивните семејства се вратила топлината на домот и семејната среќа, помош во намалување на млади - корисници на алкохол, психо - социјална заштита и поддршка на семејствата кои имаат проблем со злоупотреба на алкохол кај своите деца, подобрување на квалитетот на семејното функционирање, медиумско информирање и изготвување на печатен материјал, идентификација на семејства кои имаат проблем поради злоупотреба на алкохол кај своите деца, посета на семејства претходно идентификувани, со проблеми заради злоупотреба на алкохол, кај нивни деца, работа во советувалишта, работа на Инфо - линија за пружање помош на семејства/млади, едукативно тематски активности - семинари, советувања и сл., на лица заинтересирани за работа во Социотераписките

[6] Сулејманов, З. и Стојановски, Н. „Социјална патологија“, Скопје: Југореклам, 2002 година

клубови, формирање на групи за помош и самопомош, работа со родители, просветни работници и вработени во Центрите за социјална работа на проблемите со злоупотреба на алкохол кај младите, превентивна работа со младите во основните и средните училишта.

CC BY NC ND

## Заклучок – превенција од алкохолизмот во Република Македонија

Основен документ во нашата држава кој ја опфаќа оваа проблематика е стратегијата за намалување на штетните последици од злоупотребата на алкохол врз здравјето на населението во Република Македонија.[7]

Оваа стратегија се однесува на повратните ефекти предизвикани од штетната консумација на алкохолот, на здравјето на населението, како и на социјалните и економските последици од консумацијата на алкохолот. Таа се фокусира на превенцијата и прекинувањето на штетните навики на пиење на населението, особено на пиењето од страна на малолетници, како и на некои штетни последици како што се сообраќајниот травматизам предизвикан од пиење и феталниот алкохолен синдром. Оваа стратегија не се однесува на употребата на алкохол, туку на злоупотребата на алкохол и штетните последици од ваквата појава. Злоупотребата на алкохолот има силно влијание врз јавното здравје. Таа генерира трошоци за здравствена заштита, за здравствено осигурување, за примена на прописите, за одржување на јавниот ред, за заштита на работната средина, како и други што има негативно влијание врз економскиот развој на општеството во целост. Стратегијата има за цел да определи стратешки насоки за преземање на активности за намалување на штетните дејства од злоупотребата на алкохол во Република Македонија, врз основа на постојната состојба во Република Македонија, политиките и праксата на Европската Унија и нејзините земји - членки, како и препораките на Светската здравствена организација. Здравствената политика што ја спроведува Владата на Република Македонија во специфичниот сегмент на заштитата од алкохолизам и превенција на

---

[7] moh.gov.mk/files.php?file=Strategija_za_alkohol_1__final

проблеми предизвикани од злоупотреба на алкохол се развива во согласност со меѓународните трендови. Таа опфаќа медицински, правни, но и пошироки општестевни аспекти, пред се социјални и економски.

Основните поставки на Стратегијата се: одговорноста на Владата да го постави како приоритет здравјето на населението и заштитата на човечкиот живот; прифаќањето на животен стил без злоупотреба на алкохолот како норма и како право на сите граѓани на здравје; заштитата на работната средина, како и потребата за обезбедување на стабилно намалување на злоупотребата на алкохол секоја година и во секој дел од општеството.

Основни принципи на Стратегијата се:

- Сеопфатност – Сеопфатниот пристап е неопходен за да ги опфати сите релевантни аспекти на намалувањето на штетните последици од злоупотребата на алкохолот врз здравјето на луѓето и за да се реализира целта на Стратегијата.
- Комплементарност и соработка – Сите стратешки активности се комплементарни меѓу себе и можат да се реализираат преку широка, непосредна и континуирана соработка на сите релевантни субјекти.
- Одржливост – Заради обезбедување на ефективноста, сите активности се градат за да бидат одржливи долг временски период.
- Ефективност - Ефективноста ќе се постигне преку употребата на најдобрите постоечки практики, следење на резултатите, процена, истражување, како и најдобра употреба на расположливите средства.

- Јавност и транспарентност – Преку широк спектар на медиумски, едукативни и промотивни активности ќе се гради транспарентноста на Стратегијата, свесноста за проблемите и организираниот одговор на злоупотребата на алкохолот, односно ќе се гради средина на поддршка за реализација на активностите содржани во Стратегијата.

Стратегијата ги поставува стратешките насоки на активностите во државата акцентирајќи ја потребата од:

- Програми за намалување на злоупотребата на алкохолот на ниво на заедницата
- Програми за превенција на злоупотребата на алкохолот, особено кај младите
- Промена на законодавството и засилување на механизмите на неговата примена
- Образование, информација и обука на јавноста
- Психо-социјална поддршка и заштита на лицата што злоупотребуваат алкохол и нивните семејства
- Иницијативи за подигање на свесноста за правата на луѓето за заштита на здравјето од штетните последици од алкохолот.
- Истражувачки потфати.
- Следење и надзор.

Основна цел на стратегијата е да обезбеди национална стратешка рамка за примена на национални мерки усогласени со мерките утврдени во Европската стратегија (COM (2006)625 final, за заштита од штетните последици од злоупотреба на алкохолот врз здравјето на населението, со цел да се редуцира преваленцата на злоупотреба на алкохолот и унапреди здравјето на поединецот и населението. Очекуваниот ефект од оваа стратегија е, во рамки на временскиот период кој го опфаќа, таа да се спроведе како значаен чекор во правец на долгорочната цел за унапредување на здравјето на населението преку заштита од штетните последици од злоупотреба на алкохолот врз здравјето на населението и воспоставување на животен стил без злоупотреба на алкохол.[8]

Стратегија предвидува определени посебни цели кои што мораат да се исполнат, така предвидени се следниве: Заштита на младите, децата и фетусот, намалување на повредите и смртните случаи од сообраќајни несреќи поврзани со злоупотреба на алкохол, превенирање на штетата од злоупотреба на алкохол кај возрасното население и намалување на негативното влијание на работното место, информирање, образование и зголемување на свесноста за штетното влијание на злоупотребата на алкохол и на штетните начини на консумација, развивање, поддршка и одржување на единствена евиденција релевантна за следење на состојбата во областа на заштита од злоупотреба на алкохолот.Од друга страна предвидените мерки кои што треба да се превземат со оваа стратегија се следниве: забрана на директно рекламирање на алкохолни производи (на националната ТВ, кабелската ТВ, националното радио, локалните весници и магазини, меѓународни весници и магазини, билбордите, ѕидните плакати,местата на продажба, киосците и кино салите),

[8] http://www.unet.com.mk/rzzz/

економските мерки се однесуваат на производството и на прометот на алкохолните производи, како и на цени и такси на алкохолните производи, воведување на регистер на производителите и дистрибутерите на алкохолни производи, на марки на алкохолни производи, како и воведување на систем на добра производна пракса, промотивни и едукативни програми, програми за дијагноза, советување и третман на зависниците, отворање на дневни центри за превенција, третман, рехабилитација и детоксикација, националниот комитет за контрола на злоупотребата на алкохолот на Република Македонија.

CC BY NC ND

**Користена литература:**


1) **Арнаудовски, Љ.,** “Предавања по социјална патологија”, Скопје: НИО Студентски збор, 1983 година
2) **Сулејманов, З. и Стојановски, Н.** „Социјална патологија“, Скопје: Југореклам, 2002 година
3) **Rahul Nag,** The effects of alcohol, 2008 година
4) Proceedings of the National Academy of Scineces
5) moh.gov.mk/files.php?file=Strategija_za_alkohol_1__final
6) http://www.mojezdravlje.net/Bolesti/210/dusevne-bolesti-i-stanja-bolesti-ovisnosti/Alkoholizam.aspx
7) http://www.who.int/en/
8) http://www.unet.com.mk/rzzz/

creative commons

# Attribution-NonCommercial-NoDerivs 3.0 Unported

## You are free:

- to Share - to copy, distribute and transmit the work

## Under the following conditions:

- Attribution. You must attribute the work in the manner specified by the author or licensor (but not in any way that suggests that they endorse you or your use of the work).
- Noncommercial. You may not use this work for commercial purposes.
- No Derivative Works. You may not alter, transform, or build upon this work.
- For any reuse or distribution, you must make clear to others the license terms of this work. The best way to do this is with a link to this web page.
- Any of the above conditions can be waived if you get permission from the copyright holder.
- Nothing in this license impairs or restricts the author's moral rights.

The document was created by CC PDF Converter